# Извештај за реализација на Програмата за комуникација со јавноста и промоција за 2021 година на Општина Делчево

**јануари 2022**

# Извештај за реализација на ПРОГРАМАТА за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево за 2021 година

## ВОВЕД

1. **Појдовна основа на Програмата за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево**

Програмата за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево за 2021 година, (09-174/1 од 29.01.2021) има за цел зајакнување на капацитетите за достигнување на стандардите во областа на комуникацијата со јавноста кои како континуиран процес, овозможуваат двонасочен проток на информации меѓу Општината и целните групи граѓани, но претставуваат и еден од најзначајните сегменти од функционирањето на една локална самоуправа согласно со највисоките европски и светски стандарди. Освен Програмата, Општина Делчево во соработка со Регионалниот центар за застапување во текот на 2019 г има изработено и **Стратегија за надворешна комуникација 2020-2024** што значително придонесува во стратешко и планско третирање на обврската за транспарентност и отчетност.

Обврската на Општина Делчево за информирање на јавноста произлегува од членот 8 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр 5/2002), како и одредби во Законот за буџетите, Законот за јавен долг, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и др., како и Глава VIII Информирање на граѓаните и слободен пристап до информации од јавен карактер (член 109 до 118 ) од Статутот на Општина Делчево (број 07-2791/1 од 2013).

Освен интензивната комуникација со претставниците на средствата за јавно информирање, достапност на информации за работата на општината, достапност на програми за работа на општината, буџетските документи и сл., Програмата овозможи реализација на значајни активности за презентација и промоција на Општината.

Општина Делчево и во 2021 г. продолжи со активното учество во Мрежата за односи со јавност, формирана од ЗЕЛС. Мрежата дава можност за континуирана надградба на капацитетите, размена на искуства и поддршка во работата на лицата за односи со јавноста.

Програмата за комуникација овозможи одржување редовна и навремена комуникација со јавноста за подобрување на информираноста за работењето на Општината и за сите други прашања од интерес на локалната заедница.

Основната функција на Програмата за промоција и комуникација со јавноста е да ги определи начините на пренесување и видот на информациите за работата на Единицата на локалната самоуправа внатре и надвор од неа.

Програмата ја спроведуваше општинската администрација во координација со лицето одговорно за односи со јавноста, под раководство на градоначалникот на Општината.

Реализацијата и начинот на реализација на планираните активности во Програмата во делот за промоција на активностите на Општината, во текот на 2021 г. зависеше и од надворешни фактори и влијанија. Овде, посебно го потенцираме влијанието на здравствената криза поради пандемијата од ковид 19 и последиците по граѓаните на Општина Делчево.

Токму поради комплексната природа на активностите во областа на промоцијата и комуникацијата со јавноста, Програмата претставува флексибилен документ кој континуирано ќе се развива врз основа на искуствата.

Заложбите и трудот вложени во оваа област претходните години, станаа видливи и ги донесоа првите позитивни резултати во 2019 г. етаблирајќи ја Општина Делчево на првите позиции по транспарентност, односно оценувајќи ја со оценка ‘многу добар’ во конкуренција со сите општини и институции во државата. Овој тренд претходната година се одржува.

2. **Анализи на релеватни институции за напредокот на Општина Делчево на полето на транспареноста и отчетноста за 2021 г**

Транспарентноста и отчетноста на Општина Делчево преку веб-страницата за 2021 г. беше цел на анализи и истражувања од повеќе релевтани институции. Овде ќе ги споменеме:

**А) Извештај од Центарот за граѓански комуникации:** Активната транспарентност на Општина Делчево во 2021 година изнесува 90 % (од можни 100 %) со што Општината се наоѓа во групата институции со ’многу добра‘ активна транспарентност (исполнување на обврските од 80 % до 100 %). Со овие бодови, општината се наоѓа на 12-та позиција од вкупно 98 рангирани институции или втора општина во ИПР. Ова е нотирано од Центарот за граѓански комуникации во редовното годишно рангирање на институциите според Индексот на активна транспарентност, односно според проактивното објавување информации од јавен карактер изработено во март 2021 г. во кое се вклучени 98 институции, односно Владата и сите министерства и општини.

**Б) Проценка на доброто владеење во единиците на локалната самоуправа во РСМ преку индексот на отвореност –мерење за 2021 г**. од Фондација за интернет и општество Метаморфозис – спроведено во периодот јуни-јули 2021 г, од 34 општини, Општина Делчево е на 9-то место со вкупен процес на отвореност од 36%, додека во областа свесност најдобри резултати има Општина Делчево со 60% .

**В) Конечниот извештај за извршената ревизија на информациски системи како ревизија на успешност на тема „Квалитетот на услугите кои ги даваат ЕЛС преку своите веб-портали“-** спроведен од Државниот завод за ревизија во јуни 2021 г. од 15 задолжителни обврски, Општина Делчево има 4 отстапувања и тоа: водење евиденција за настанатите прекини во достапноста на веб-

порталите; граѓаните имаат увид во статусот на електронски пријавениот проблем, има донесено стратешки план, ЕЛС има имплементирано ИСО 9001 стандард за квалитет. Во меѓувреме, согласно со Препораките од овој документ, Општина Делчево го спроведува процесот за воведување систем за управување со квалитет ИСО 9001/2015; Општина Делчево донесе Стратегија за ЛЕР 2021-2025; се води евиденција за настанатите прекини на веб-страницата и се создаваат можности на веб-страницата граѓаните да имаат увид во статусот на елекронски пријавениот проблем.

**Г) Даночна транспарентност на општините**- спроведен од ЦЕНТАР ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ (ЦЕА), индексот за буџетска транспарентност на Општина Делчево за 2020/21 изнесува 13 поени или Општина Делчево е во топ 14 општини по буџетска транспарентност или на високо 9-то место и го задржува истото ниво на буџетска транспарентност од периодот 2019/2020. Но, според оваа анализа, интензитетот на **даночна транспарентност на општинската веб-страница** е со низок степен. За надминување на оваа состојба веќе се работи со ЦЕА на проект за подобрување на даночната транспарентност, при што се одржаа и форуми на заедниците, на веб-страницата се поставени основни податоци за сите видови даноци; а наредната 2022 г во соработка со донатори, Општина Делчево планира инсталирање посебен софтвер за е-даноци.

Овие се дел од анализите кои потврдуваат дека на полето на отчетноста и транспарентноста, Општина Делчево е на вистинскиот пат, но, останува заложбата и наредната година да се одржи, но и да се подобри нивото на транспарентност и отчетност како основна алатка за борба против корупцијата.

## 3. Активности за подобрување на транспарентоста и отчетноста и борбата против корупцијата

А) Градоначалникот Трајковски во текот на месец декември 2021 г. ја потпиша Декларацијата за отвореност, отчетност и транспарентност на Локалната самоуправа, со што Општина Делчево **дава поддршка на иницијативата за поголема отвореност и транспарентност** на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија. Иницијативата е подготвена од Фондација „Метаморфозис“ во рамки на Проектот за граѓанско учество со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) и е во корелација со досегашната политика на Општината за подобрување на транспарентноста и отчетноста, како алатка за борба против корупцијата.

Со потпишувањето на Декларацијата, Општина Делчево се обврзува да ги следи и почитува начелата и принципите изнесени детално во Декларацијата за отвореност, отчетност и транспарентност на локалната самоуправа во Северна Македонија. Дополнително, континуирано ќе се работи на подобрување на

своите политики на транспарентност и вклученост на граѓаните во процесите на донесување одлуки. Отвореноста претставува клучен услов за демократија, која им дозволува на граѓаните да добиваат информации и знаење, неопходни за еднакво учество во политичкиот живот, ефективно донесување одлуки и барање одговорност од институциите за политиките што се спроведуваат.
Декларацијата опфаќа 6 клучни принципи: транспарентност, достапност, интегритет, ефективност, принцип на континуирано унапредување на транспарентноста и интегритетот и принцип на работење кое секојдневно ги подобрува стандардите и условите за отворено, отчетно и транспарентно работење, како и да се има јасно определени развојни цели кон јавно и навремено информирање на граѓаните заради правото на партиципативно одлучување.

Б) Општина Делчево се приклучи на кампањата „Сега сè е јавно- корупцијата не се исплати“на Владата на РСМ. Во рамките на кампањата во сите институции на локално ниво беше споделен пропаганден материјал и податоци кој и како може да пријави корупција. Воедно, линкот од кампањата беше споделен и на веб-страницата со цел подостапни информации за важечките законски решенија во борбата против корупцијата.

## ПРИНЦИПИ НА КОМУНИЦИРАЊЕ СО ЈАВНОСТА во 2021 г.

- Комуникацијата со јавноста е заснована на **активна транспарентност**

Како еден од принципите за комуницирање со јавноста кој е клучен во Програмата на Општина Делчево за 2021 година, Општина Делчево во текот на 2021 година посвети значително внимание на објавување информации на сопствена иницијатива, без притоа за тие информации некој да има доставено до нив официјално барање за слободен пристап.

Проактивното објавување информации опфати:
- Информации за одлуките на органите на Општината со што се остварува правото на граѓаните да бидат информирани за своите права и обврски во општеството;
- Информации коишто им се неопходни на граѓаните за да можат да учествуваат во процесот на донесувањето одлуки и
- Информации коишто им се потребни на граѓаните за да можат да пристапуваат кон услугите што ги нудат јавните институции.

Проактивно објавените информации се лесно достапни и разбирливи, релевантни и се ажурираат редовно. Со објавување информации на проактивна основа, Општина Делчево остварува корист по неколку основи:
- активната транспарентност помага за поодговорно трошење на јавните пари;
- се промовираат принципите на добро владеење и интегритет;

- институцијата ќе биде поефикасна, бидејќи подобро ќе управува со информациите со коишто располага.

Активната транспаретност подразбира едноставен и брз **пристап до информации** од Општина Делчево:

- на веб-страницата има посебен оддел за пристап до информации, кој се наоѓа на основното мени, на почетната страница;
- на веб-страницата има објавена листа на информации со кои располага институцијата;
- се објавуваат прописи кои се однесуваат на надлежноста на Општината како имател на информации;
- се објавуваат предлог-програми, програми, стратегии, ставови, мислења, студии и др. слични документи од надлежноста на Општината;
- Општината објавува информации за своите надлежности;
- службени гласници на Општината;
- дневните редови за седниците на Советот на Општината;
- одлуките на Советот на Општината;
- услугите што ги дава Општината;
- организациската структура (шема, органограм) на Општината;
- имињата на вработените/раководителите (со контакти);
- решенија во управна постапка;
- информативен билтен;
- Буџетот на Општината;
- Завршна сметка на Буџетот;
- квартални извештаи за извршување на Буџетот во претходната година;
- граѓански буџет;
- буџетски календар
- огласи за јавни набавки;
- тендерски документации за огласите;
- годишен план за јавни набавки за претстојната година;
- известувања за склучени договори од јавни набавки.
- работата на органите на Општината, комисиите на Советот и јавните служби и за плановите и програмите кои се од значење за развојот на општината;
- ГУП и ДУП-ови;
- урбанистичкото планирање (одобренија за градба);
- заштита на животната средина;
- локалниот економски развој;
- комуналните дејности;
- културата;
- спортот и рекреацијата;
- социјална заштита и заштита на деца;
- образованието;
- здравствената заштита;
- мерките за заштита и спасување на граѓаните;
- противпожарната заштита;
- надзорот на вршењето на работите од надлежност на Општината;
- стапката на данокот на имот што ја пропишува Општината;

- надоместокот за уредување градежно земјиште.
- документи и статистички податоци за достигањата од областа на родовата рамноправност на жените и мажите во општината.

- Комуникацијата со јавноста што ја спроведува Општина Делчево е составен дел од сите активности на Општината;
- Процесот на комуникација е јасен и разбирлив;
- Комуникацијата е навремена;
- Комуникацијата е отворена, чесна и искрена;
- Информациите се вистинити и достапни до сите;
- Комуникацијата е двонасочна меѓу Општината и сите целни групи.

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА во 2021

**Општа цел:**

Одржување редовна и навремена комуникација со јавноста за подобрување на информираноста за работењето на Општината и за сите други прашања од интерес на локалната заедница.

## АКТИВНОСТИ во 2021

I За остварување на **специфичната цел 1:** Зголемување на задоволството на граѓаните од работењето на Општината, се презедоа следниве активности:

1. **Редовно и навремено информирање на граѓаните за работењето на Општината** (за тековни проекти, планови за нови проекти и политики, законски обврски на граѓаните, манифестации, законски измени, резултати од сработеното и др.) - подразбира систематизиран проток на информации до сите граѓани како корисници на услуги од локалната самоуправа, како и на медиумите како моќни алатки за пренесување на информациите. Ваквото информирање се одвиваше непрекинато, во текот на целата година.

- Во 2021 г. објавени се 240 новости на општинската веб-страница и на социјалните мрежи; (најчитаната вест има 1.250 прегледи (информација за распишан тендер за изградба на скејт –парк и фонтани; 863 пати е прочитана информацијата за проектите поддржани од МОН за делчевските училишта; со 787 пати е отворена веста за анализата на активната транспарентност на Делчево; 757 пати информацијата за потпишан Договор за изградба на пешачката патека Илин Камен итн. Најмалку читаните вести се отворани околу 40 пати (станува збор за вестите објавени непосредно пред изготвување на извештајот-„Среќни и безбедни празници“-кампања на ОСБСП

Делчево; 35 пати информацијата за асфалтирање на ул „Орце Николов“, но затоа, пак, првата информација за почеток на изградба на нова улица е прочитана 253 пати);

- Информации од Советот: 291 пат е прочитана информацијата за Буџетот за 2021;, Првата Седница 581 пат, 236 пати е прочитана информацијата за конституирање на новиот Совет; Исто така, соопштенијата за седници на Совет со објавен дневен ред се читани околу 250 пати;
- 42 соопштенија (известувања): најчитани соопштенија за авионско прскање против комарци (577 и 695);
- 23 повици-конкурси- најчитани се конкурсите за општински стипендии (511);
- Веб-страницата е дополнета со задолжителните е-документи, изготвен тарифник за издавање реални акти, изготвена е листа на информации кои ги поседува Општина Делчево и др.
- Во 2021 г одржани се: прес-конференции на градоначалникот (3 прес-конференции за отчет-тематски); обраќање/говори на настани, изјави за тековни проекти, форуми и сл.; гостување во дебатната емисија „Стадион“ на Канал 77, „Што мисли народот“ на ТВ Стар, интервју на ММС, перманетно давање изјави за национални, регионални и локални медиуми (Ал џезеира, Телма, Алфа, Нова Македонија, 24 Вести, МИА, делчево 365, ТВ Стар, М-нет, Исток-прес и др).
- Во 2021 г соработка со локални, регионални и национални медиуми: дадени изјави на лицето за односи со јавност и на одговорни лица од одделенијата и секторите на ЕЛС Делчево на национални (Ал џезеира, ТВ Телма, ТВ 21; Македонско радио, Канал 5, Канал 77, АЛФА, 24 Вести ид р.); интернет-портали (Фокус, Фактор, Нова Македонија, МИА, СДК, Публикум, и др.), регионални (Тв Стар, Тв Ирис; ТВ М-НЕТ, Исток-прес), локални медиуми (Делчево 365, Радио „Зора“) и др.;
- Во 2021 г. редовно се користеше алатката **прес- клипинг** која помага за - анализа на вести објавувани во македонските медиуми во периодот од јануари – декември 2021 година преку агрегаторите на вести Grid.mk, Time.mk, Vesti.mk и Македонската информативна агенција. Вестите се пребарувани по клучниот збор „Општина Делчево“. На МИА се објавени сите вести кои ги има и на веб -страницата на Општината, а во кои Општината е главен организатор или поддржувач на некоја од активностите. Од МИА се преземани вестите од повеќе веб-портали, печатени или електронски медиуми.

- На агрегаторите на вести, освен тековните активности, може да се сретнат и вести кои укажуваат на некој проблем или потреба на граѓаните и повикуваат на реакција од општината (комунална хигиена, диви депонии, социјала)- за што е реагирано до одговорните лица за надминување на состојбата. Овие реакции од јавноста се добра основа за соодветна реакција на надлежните служби за отстранување на проблемите укажани од граѓани, односно за корекција во работата на надлежните служби во Општината. Сепак, дневните настани и тековните активности се најзастапени во медиумите.

- Во 2021 г објавени се 8 електронски изданија на месечникот ИНФО Делчево од кој еден двоброј (септември/октомври 2021)

- Редовно пласирање информации и соопштенија за активностите поврзани со Пописот на население кој се спроведе во текот на месец септември 2021, како и соопштенија од Општинската пописна комисија;

- Редовно пласирање информации и соопштенија на активностите на ОИК во пресрет на одржување на Локалните избори 2021 (септември-октомври).

2. **Собирање мислења и впечатоци од целните јавности и анализа на податоците со цел подобрување на услугите и работата на општинската администрација.**

- Објавени се 5 анкети на кои има 131 одговор. Дадени се 4 можни одговори со ДА, НЕ, ДЕЛУМНО ЗАДОВОЛЕН И ДЕЛУМНО НЕЗАДОВОЛЕН (Дали сте задоволни од одржувањето на комуналната хигиена во Делчево?- 24 одговори; Дали сте за или против поставување видеонадзор на следните три локации: пешачки мост „Гоце Делчев“, детско игралиште во нас. Ново Делчево и тениско игралиште во СРЦ- 35; Дали сте задоволни од реализацијата на капиталните и инфраструктурните проекти во Делчево- 18; Дали сте задоволни од мерките што ги презема Општина Делчево и Општинскиот кризен штаб за превенција од болеста ковид 19- 33; Колку сте задоволни од услугите на Општина Делчево- 31. );
- Објавен анкетен прашалник во насока на креирање на буџетот за 2022 година кој е потполнет од 22 граѓани од нив 52,4% се мажи, а жени 47.6%.
- Подготвен е анкетен прашалник за задоволството од квалитетот на услугите на општинската администрација кој ќе се објави по новогодишните празници.

II За остварување на **специфичната цел 2:** Поголема вклученост на граѓаните во активностите од заеднички интерес и во процесот на донесување одлуки во насока на градење углед на отворена општина, се презедоа следниве активности:

- **Поттикнување на граѓаните за учество во креирањето на буџетот** – преку соопштенија, јавни повици и сл. со цел навремено информирање, заради вклучување на јавноста во процесите на одлучување.
- **Поттикнување на поголема вклученост на граѓаните во донесување стратешки документи** – Во текот на 2020/21 г. се работеше на изработка на Стратегијата за ЛЕР 2021/2025 г. во соработка со Регионалниот центар за застапување беа одржани 4 работилници каде присуствуваа претставници од граѓански сектор, бизнис- заедница, претставници од општинската администрација и локалните институции.

**III** За остварување на **специфичната цел 3:** Обезбедување комуникација и распространување на информациите по мерка на посебните целни групи, се одржуваа редовни средби со урбани и месни заедници во Општина Делчево;

Подигање на свеста и информирање на граѓаните за даночните обврски кон Општината – ваквата активност значи редовно информирање за начинот на остварување на сопствените приходи на Општината и мотивирање на даночните обврзници и бизнис-секторот за плаќање на обврските.

- Одржување информативни средби со посебни целни групи – одржани се директни средби со одредени целни групи: бизнис-секторот, лица со посебни потреби, пензионери, невработени, невладини организации и други, за што најчесто се користат настани или посебни поводи, како и средби со претставници од урбани и месни заедници.
- Во текот на 2021 г во периодот јули одржани се две форумски сесии со претставници од месните заедници во рамките на проектот за даночна транспарентност кој Општина Делчево го работи со ЦЕА и на кој се определени приоритетите за решавање.
- Во текот на месец мај се реализирани три сесии од Форумот на заедницата „**Низ женски леќи: покренување политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова** еднаквост организиран од Општината Делчево и Центарот за истражување и креирање политики, Лулуди, Рурална коалиција, новинари за човекови права и ЕХО-Штип, а во нив активно се вклучија 50-ина граѓани на Делчево, претставници од Општина Делчево и Комисијата за еднакви можности, претставници од институции и граѓански организации.

**IV** За остварување на **специфичната цел 4:** Подобрување на системот на внатрешна комуникација и информираност, се преземат следниве активности:

1. Редовно информирање на внатрешната јавност за случувањата во Општината. Одржувани колегиуми, работни состаноци и сл.

2. Започнат процес на воведување стандард за квалитет ИСО 9001/2015.

**V** За остварување на **специфичната цел 5:** Подобрување на квалитетот на комуникациските капацитети на Општината, се презедоа следниве активности:

1. **Унапредување и следење на квалитетот на средствата за комуникација**.

   -Водење евиденција за прекини на веб-страницата. Во првата половина од 2021 г се јавуваа чести прекини на достапноста на веб-страницата поради лимитирани ресурси на тогашниот веб-хостинг;

   -Миграција на веб-сајтот на друг сервер (Телеком), отстранети прекините и паѓањето на страницата, воочено во првата половина од 2021 г.

**VI Специфичната цел бр.6** се однесува на промоција на Општина Делчево, односно промоција во севкупна смисла на надлежностите на ЕЛС. Следува прегледот на активностите за реализација на оваа цел.

## 6. 1 АКТИВНОСТИ ЗА ПРОМОЦИЈА НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО во 2021

1. Кампања **„Заедно до поубаво Делчево**"- се реализираше во текот на целата година. Целта на оваа кампања е да се промовира индивидуалниот придонес за разубавување на градот, а Општината да го вреднува нивниот труд. Во рамките на кампањата се спроведе:

- Акција за „**Избор на најубаво уреден двор во Делчево"** (доделени две парични награди во износ од по 10.000 денари за прва категорија индивидуално домување и прва категорија колективно домување-институција и една втора награда во износ од 3.000 ден и трета награда за индивидуално домување во износ од 2.000 ден.
- **Јакнење на волонтерството**- тековна активност со која масовно се вклучија волонтери од Фолклорна група при НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ од Делчево, ПСК „Голак“ Делчево, од ОО на Црвениот крст, како и членови на други здруженија на граѓани од Делчево, а помош добиваат и од екипи на ЈКП „Брегалница“ Делчево. Волонтерите со поддршка на Општина Делчево преземаа активности за разубавување на градот, санирање на оштетена урбана опрема, бојадисување огради, клупи и сл со цел секој да даде свој придонес во зачувување на јавното добро и да се промовира општествена одговорност.

2. Спроведени промотивни активности поврзани со работата на Општината од областа на **урбанизмот, комуналната хигиена, даноците и таксите, буџетот, заштитата на животната средина, културата, природното, историското и културното наследство, образованието, филантропијата, сообраќајот** и сл. Активностите планирани во овој дел се реализираат во текот на целата календарска година.

- Редовни информации, соопштенија, препораки поврзани со превенција од ковид-19; личната одговорност за спречување на ширење на заразата; дезинфекција на јавни површини; информации од одржани состаноци на

Општинскиот кризен штаб, информации за пункт за вакцинирање во градот Делчево и пунктови за вакцинирање во населените места во Општината и сл.

- Редовни информации и соопштенија за катастрофалните пожари кои ја зафатија територијата на Општина Делчево.
- Промотивни активности за **акција за пошумување „За почист воздух“**. Се организираше акција за пошумување организирана од Општина Делчево за засадување украсни садници по должината на бул „Македонија“. Исто така, со поддршка на Општинскиот инспекторат се спроведоа превентивни акции со кои се укажуваше на штетноста од користење на недозволени средства за огрев.
- Промотивни активности поврзани со значењето на енергетската ефикасност. По повод 5 Март, **Ден на енергетската ефикасност**, изработено е видеоматеријал и одржана прес-конференција за проектите за енергетска ефикасност кои се реализираат во Делчево на кои се потенцираше значењето на енергетската ефикасност за заштедата на енергија и сочувување на животната средина.
- Промотивни активности за **поголема безбедност во сообраќајот**-преку предвидени кампањи на ОСБСП Делчево. Превентивните кампањи и активности се предвидени во Годишната програма на ОСБСП Делчево, а се спроведуваа во текот на целата календарска година. Објавни се соопштенија, прес-конференции, поделени се флаери и др. промотивен материјал. Целта е да се подигне јавната свест во делот на безбедното и одговорно учество во сообраќајот. Реализирани се следните кампањи:

1. Да ги заштитиме децата во сообраќајот (реализирана 28 Мај);
2. Акција „СТАВИ ПОЈАС“ (18 Мај);
3. Достава на прирачник за возачи почетници (10 септември);
4. Одбележување на Светскиот ден без автомобили - 22 Септември;
5. Безбедно управување со трактори и земјоделска механизација (10 Ноември);
6. „Брзината убива- вози одговорно“ и „Стоп за управување возило под дејство на алкохол“ (29 декември).

- По повод **Светскиот ден на животната средина, 5 Јуни**, Општина Делчево организираше екоакција за чистење на дивите депонии на Голак под мотото „Со срце за Голак“ во која активно се вклучија стотина граѓани на Делчево, претставници од институции, организации, здруженија, како и вработени во Општина Делчево и ЈКП „Брегалница“ , млади активисти-волонтери. (објавени соопштенија и информации од акцијата); Акции за чистење на дивите депонии од страна на ЈКП „Брегалница“ се организираа во текот на целата 2021 г. и за секоја акција се објавуваше информација.
- **Општина Делчево и „Нула отпад“ реализираат акција „Селектирај отпадни батерии, избери чиста околина**“ со цел едукација на најмладите за штетните последици од загадувањето на околината со електронски отпад и под мотото

дека само преку еколошки ангажирани деца можеме да направиме промени во размислувањата и ставот на човекот кон природата и животната средина. За таа цел во ООУ „Св.Климент Охридски“, ООУ„Ванчо Прке“ и детската градинка „Весели цветови“ се доставени околу 500 садови за собирање отпад од батерии.

Со цел оваа целна група да биде едуцирана и запознатa со сите негативности и последици кои ги носат загадувањата на сѐ што нѐ опкружува од неконтролираното фрлање на електронскиот и електричниот отпад и начинот на кој треба да се постапува со него, дистрибуирани се и постери, но и видеоматеријал кој ќе им биде проектиран и со кој на полесен и попристапен начин децата ќе се запознаат со потребата од селектирање на отпадот, најпрво, во најтесното опкружување-семејството, а потоа и во училиштата и поширокaта средина во која живеат.

- Организирани **„Денови на хуманост**“ по повод 3 Декември, Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби. Кампањата се реализира по четврти пат, а целта е да се подигне свеста кај граѓаните за потребите од инклузивност на лицата во општеството, но и да се промовира филантропијата како алатка за општествената одговорност на претпријатијата. Во рамките на кампањата беа организирани неколку настани за кои се објавија 7 информации со просечна читаност од 300 пати):

  --Деновите на хуманост започнаа од 29.11.21 со филмскиот фестивал за млади Џифони Македонија под наслов „Џифони патува во Делчево“ во која учество зедоа 60-на средношколци и основци распоределени во два дена со инклузија на лица со попреченост- штитеници на Дневниот центар. Целта на настанот е развој на визуелната култура кај младата публика.

  - Од 1 декември започна ликовната работилница во организација на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ каде талентирани ученици и лица со попреченост ги учеа тајните на сликарството од стручни лица

  - На 2 декември лицата со посебни потреби ја посетија градската библиотека ЈЛБ „Илинден“, каде се запознаа со богатсвото од книги и начинот на кој работи оваа институција.

  -Меѓународниот ден 3 Декември – традиционална посета на Дневниот центар и промоција на проектот за Клуб за социјална инклузија „Интегра“, но и запознавање и промоција на првиот уличен продавач на весникот „Лице в лице“ во Источна Македонија. Далибор е лице со хендикеп и тој се вклучува во семејството на пионерското социјално претпријатие- единственото улично списание **„Лице в лице“**, така што за прв пат овој месечник ќе се продава во Делчево.

-Овој ден е главниот мотив за низа креативни активности кои се одржуваа во образовните институции со единствена порака да се подигне свеста за лицата со попреченост.

- Со претпремиерата на детската претстава „Вистина или лага“, под мотото: „ДЕТСКИ ХУМОР ВО НЕВРЕМЕ“ се заокружија настаните во рамките на годинешните „Денови на хуманоста“. Во организација на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ од Делчево, учениците од ООУ „Ванчо Прке“-Делчево под менторство на наставничката Маријана Стоименовска, ја подготвија оваа драмска претстава со еднистевна цел, да дадат позитивен дух и поттик и да се разбие монотонијата во овие денови на пандемијата. Средствата собрани од претставата во износ од 3.000 ден се предадени комисиски на Дневниот центар со посебни потреби за набавка на материјали за изработка на честитки и др. ракотворби.

- Организирана хуманитарна акција во соработка со ОО на Црвен крст и на ОО на Здружението на пензионери од Делчево и Општина Делчево (објавена информација и изјави од учесниците во акцијата).

- Во соработка со Советот на млади на Општина Делчево и локалните институции и фирми организирана хуманитарна акција „Новогодишна трпеза за сите“ (објавени 2 информации и едно соопштение, како и 2 прес-конференции).

- Организирана хуманитарна закција на Општина Делчево и компанијата „Зегин“, доделени 60 прехранбени пакети по повод новогодишните празници на семејства кои живеат во социјален ризик (објавена информација).

- Активности поврзани со **буџетската транспарентност-**

- Изработен граѓански буџет објавен на веб-страницата на Општина Делчево.
- Претставници од **месните заедници од Општина Делчево беа дел од Форумот** на кој се дефинираа приоритетите за развој на селата во Општина Делчево, а во насока на подготовките за креирање на Буџетот за наредната година. Форумот е дел од европскиот проект „Проектот за даночна одговорност – кон граѓанска одговорност и одговорни даноци“ кој го спроведува Центарот за економски анализи во партнерство со Општина Делчево.
- Во текот на месец мај се реализирани три сесии од Форумот на заедницата „**Низ женски леќи: покренување политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова** еднаквост организиран од Општината Делчево и Центарот за истражување и креирање политики, Лулуди, Рурална коалиција, новинари за човекови права и ЕХО-Штип, а во нив активно се вклучија 50-ина граѓани на Делчево, претставници од

Општина Делчево и Комисијата за еднакви можности, претставници од институции и граѓански организации.

- Објавени **сите буџетски документи:** предлог-буџет за 2021 г. буџет за 2021, буџетски календар; ребаланс на Буџетот за 2021, квартални извештаи и сл.
- Објавени **буџетски документи на ЈПКД „Брегалница**".
- Објавена **јавна анкета на веб-страницата** за определување приоритети за реализација во Буџетот за 2022 г.

3. Промоција на **активностите за родово сензибилна општина** и проектот кој Општина Делчево го работи во партнерство на UN Woumen. **П**ромоција на проектот „Низ женски леќи" заедно со ЦИПРМ. Објавена **Стратегијата, Акцискиот план, Програмата за ЕМ за 2021**, Извештајот за реализирани активности и др.

## ЦЕЛНИ ГРУПИ

1. Граѓаните на Општина Делчево; 2. Урбани и месни заедници; 3. Медиуми (локални, регионални и национални); 4. Бизнис-заедница; 5. Општинска администрација; 6. Земјоделци; 7. Потенцијални инвеститори; 8. Туристички организации; 9. Невработени; 10. Граѓански сектор; 11. Студенти и ученици; 12. Донатори; 13. Маргинализирани групи; 14. Институции; 15. Поширока јавност и др.

## КАНАЛИ И АЛАТКИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА

Со цел да се оствари редовна и непречена комуникација, Општина Делчево во 2021 година, се фокусираше на новите, современи електронски средства за информирање кои се покажуваат како моќни и поекономични алатки за пренесување на информациите. Со оглед на разновидноста на целните групи, Општина Делчево ги користи и основните, веќе постојни канали за комуникација.

**1.Традиционални и нови медиуми**

**2. Електронски средства**: веб-страница на Општина Делчево, фејсбук-страница и фејсбук-профил на Општината, е-пошта или е-известувања, е-изданија.

4. **Директни контакти**: средби и состаноци со градоначалникот и општинската администрација, јавни расправи, собири (преку месните и урбаните заедници), дебати, настани (свечености).

**5. Други канали**: огласна табла, сандаче за поплаки, пофалби и предлози, промотивни материјали.

За остварување на внатрешната комуникација се користи:

- **Лична комуникација:** колегиуми, состаноци на ниво на сектори и одделенија, состаноци меѓу сектори и одделенија, состаноци ‘еден на еден’, друштвени собири (забави, прослави, награди и признанија и сл.), состаноци на сите вработени.
- **Писмена комуникација:** општинско гласило, огласна табла.
- **Електронска пошта**
- **Споделени ресурси на интерна мрежа**

## ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ И РЕСУРСИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ВО 2021 г.

За активностите за реализација на Програмата за промоција и комуникација во 2021 година се планирани финансиски средства од Програмите во Буџетот на Општина Делчево.

За спроведување на Програмата се искористени сите расположливи човечки и технички ресурси.

Од Буџетот на Општина Делчево за 2021 година за оваа цел се искористени денари:

- Награди за најубаво уреден двор..........................................................**25.000,00**
- Воведување систем за управување со квалитет ИСО 9001/2015- лиценцирана агенција ЕУРОМАК-контрол ......................................................................55**.000.00**
-

---

**Вкупно** ...........................................................................................................**80.000,00**

**Изготвил:**
**Советник за односи со јавноста**
**м-р Даниела Такева**